# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 3 / 2021
## 08.02 .2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.02.2021година.

Бр.09-128/1
08.02.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино,“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 i 16/14, 13/20 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 05.02.2021 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за извршениот годишен попис на општина Неготино за 2021 година.

   - Извештајот за извршениот годишен попис на општина Неготино за 2021 година бр. 03-98/4 од 29.01.2021 година е составен дел од овој Заклучок.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино.
   **бр.08 - 111/3**
   **05.02.2021 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.02.2021 година.

Бр.09-128/2
08.02.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.5/02 ), а во врска со член 21 од Закон за сметководството за Буџетите и Буџетските корисници ( „ Сл.весник на РМ “ бр.61/01.....170/17), Правилникот за сметковоство за буџетите и буџетските корисници ( „Сл.весник на РМ “ бр.28/03..08/09 ), Извештајот бр.03-98/1 од 29.01.2021 година од Пописната Комисија за вршење годишен попис на побарување, обврски, парични средства за извршен годишен попис во Општина Неготино со состојба на ден 31.12.2020 година, Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 05.02.2021 година, донесе

# О Д Л У К А

**За отпис на застарени обврски во Буџетот на Општина Неготино за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на застарени обврски кои Општина Неготино ги имала спрема правни и физички лица евидентирани во Буџетот на Општина Неготино за 2020 година.

**Член 2**

Се врши отпишување на застарени обврски спрема правни и физички лица и тоа состојба на Сметка орган и тоа сметка конто 2200- Обврски кон добавувачите износ од **1.185.716,оо** денари.

**Член 3**

Отпишувањето на утврдениот износ на обврските од член 2 на оваа Одлука е согласно Извештајот бр. 03-98/1 од 29.01.2021 година од Пописната комисија за вршење годишен попис на побарувањата, обврските, паричните средства за извршен годишен попис во Општина Неготино со состојба на ден 31.12.2020 година.

**Член 4**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на паричните обврски евидентирани во Буџетот на Општина Неготино и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски работи.

Пописната листа за отпис на побарувањата и обврски е составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Неготино “.

бр.08-111/4
05.02.2021 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува **Решение за одобрување на финансиски средства ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 05.02.2021 година.

Бр.09-128/3
08.02.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 Т. 10 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино ( Сл.гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20) , член 20м од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2021 година( Сл.гласник на општина Неготино бр.22/20) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 05.02.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2021 година**

**Член 1**

Се одобрува исплата на финансиски средства од буџетот на општина Неготино за 2021 година во висина од 60.000,оо денари на име помош на општина Струмица за потребите на граѓаните од ГТЦ ГЛОБАЛ Струмица за помош при настанат пожар при објект.

**Член 2**

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Неготино за 2021 година , програма А0 - Совет на општина Неготино , конто 463110- трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

**Член 3**

Се задолжува одделението за финансиски работи при општина Неготино да го изврши наведеното решение и одобрените средства да се исплатат на посебно отворена сметка за оваа намена 270074779880184 депонент Халк Банка АД Скопје .

**Член 4**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Неготино.

бр.08-111/5
05.02.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

## Службен Гласник бр.03/2021

1. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извечтајот за извршениот годишен попис во општина Неготино

2. Заклучок за усвојување на Извечтајот за извршениот годишен попис во општина Неготино

3. Заклучок за објавување на Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на општина Неготино

4. Одлука за отпис на застарени обврски во Буџетот на општина Неготино

5. Заклучок за објавување на Решение за одобрување на финансиски средства

6. Решение за одобрување на финансиски средства